Врз основа на член 48 и 49 од Законот за административни („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/19,14/20, 215/21 и 99/22), и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015 и 35/2018) и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија бр.02-2987 од 09.10.2020 година и Измените на Правилникот за систематизација бр..02-1734/5 од 30.06.2025 година, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС број 03/2025
## за пополнување на работно место со унапредување

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија објавува Интерен оглас за унапредување на еден (1) административен службеник, за следното работно место:

1. АВР0102Б04003 Раководител на Одделение за стручно-техничка поддршка, Сектор за комуникација, меѓународна соработка и стручно-техничка поддршка, Одделение за стручно-техничка поддршка, Централна служба еден (1) извршител;

Посебни услови:
- ниво на квалификациите VIA според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Високо образование,
- најмалку 4 (четири) години работно искуство од кои најмалку 1 (една) година на работно место во јавен сектор, односно најмалку 6 (шест) години работно искуство од кои најмалку 2 (две) години на раководно работно место во приватен сектор

Посебни работни компетенции:
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- потврда за положен испит за административно управување

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На Интерниот оглас може да се пријави административен службеник вработен во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, како и да ги исполнува следните услови:
- да е оценет со оцена „А„ или „Б" при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на тековното работно место; и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Паричниот нето износ на платата за работното место под реден број 1 изнесува: 40.248 денари.
Дневно работно време: од 07.30 до 15:30 часот
Работни денови: Понеделник – Петок
Неделно работно време: 40 часа

Рокот за поднесување на пријавите со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на web страната на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата, кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку Архивата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија – Централна служба и до службената електронска адреса на Секторот за унапредување и развој на човечки ресурси coveckiresursi@av.gov.mk

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Напомена: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

До: Сектор за управување и развој на човечки ресурси

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА**
**ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС ВО АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**1. Податоци за огласот:**

Број на интерниот оглас ______________________________

Реден број на работното место за кое се пријавува ______________________________

**2. Лични податоци:**

Име ______________________________

Презиме ______________________________

Припадност на заедницата: ______________________________

Вработен во одделение: ______________________________

Контакт телефон: ______________________________

**3. Податоци за исполнување на посебни услови:**

Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС: IV, VI, VII/1, VA 60-120 ЕКТС, VI A 240 ЕКТС, VI Б 180 ЕКТС.

Вид на образование: ____________________________________________

Образовна институција____________________________________________

Насока ____________________________________________

Датум и број на диплома ____________________________________________

Податоци за работното искуство ______________години ___________месеци

**4. Податоци за оценување во последните 3 години пред објавување на интерен оглас.**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

**5. Податоци за изречена дисциплинска мерка 1 година пред објавување на интерниот оглас.**

____________________________________________________________

**6. Податоци за нивото и звањето на административниот службеник во последните две години, пред објавувањето на интерниот оглас.** ________________________________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во Образецот за пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на андлежниот орган ќе достави докази, во оригинал или копија заверена кај нотар.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка.

ПОДНОСИТЕЛ НА ПРИЈАВАТА

________________________________________